РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 24.02.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1423/1 | 0 | |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-1673/7
24.02.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: **Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 17 февруари 2026 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.02.24 15:43:22 +01:00

Подготвил: Љубомир Кукоски, 16.02.2026
Проверил: Никола Пасков, 23.02.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендровски, 23.02.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 23.02.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.02.23 15:50:14 +01:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 23.02.2026 15:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0314c5c0-0c20-4818-b2ae-44463671bc8c&materialId=08179aef-9b69-447b-8467-b365acb9f0bf** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верифицувани.*

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и<br><br>д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт |
| ПОВЕРЕНИК: | д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка

Скопје, февруари 2026 година

ВОВЕД

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Имајќи ги во предвид тенденциите на современото живеење и предностите кои ги носи дигитализацијата, беа донесени Законот за градење (*) и Законот за електронските комуникации (*) кои ќе отпочнат истовремено и комплементарно да се применуваат од 1 јуни 2026 година, како пакет на закони кои беа предмет на усогласување со Европското законодавство. Оттука, со цел заокружување на целината во законодавството, се пристапи кон предметната измена на Законот за градење, во насока на обезбедување на целосна слика за локацијата на постојните електронски комуникациски мрежи и средства и оттука поефикасно поставување на нови, во моментите кога за истото ќе се појави потреба. Имено, една од основните цели на Европското законодавство поврзано со дигитализација е ефикасноста, економичноста и соработката помеѓу самите оператори на електронски комуникациски мрежи и средства и со органите на државната управа.

Во оваа смисла, се има за цел да се овозможи ажурирање на целокупната детална слика за локацијата на постојните електронски комуникациски мрежи и средства како средства од јавен интерес, со цел нивно поефикасно, полесно и побрзо одржување, а и спречување на евентуални несакани штети доколку во иднина има потреба од градење односно поставување на друг објект односно опрема на тие локации. Ваквото решение ќе овозможи и поефикасно и поекономично поставување на идните електронски комуникациски мрежи и средства од страна на надлежни државни органи и оператори на мрежи, преку користење на веќе постојните или пак нивната местоположба.

Воедно самиот Предлог на закон се дополнува и со одредби во кои појасно и на недвосмислен начин, наместо досегашното решение од пракса, се дорегулираат условите во однос на видот и годините искуство кои треба да ги исполнуваат лицата кои вршат технички преглед на градби, како и дека истите за да бидат назначени од редот на запишани експерти во Регистарот за издадени и одземени овластувања кој се води во Комората на овластени архитекти и инженери, самата Комора треба да достави претходно Предлог-листа на експерти во зависност од видот и категоријата на градбата согласно нивното специфично искуство и референци, а воедно се прецизира и дека во зависност од видот на градбата предмет на технички преглед како дополнителни членови на Комисијата за технички преглед ќе бидат и лица од редот на вработените во соодветниот орган на државна управа.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основни цели на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење се овозможување на ажурирањето на целокупната слика во Катастарот на недвижности и инфраструктура за тоа каде се наоѓаат сите електронски комуникациски мрежи и средства, со цел нивно поефикасно, полесно и побрзо одржување, а истото би спречило и евентуално настанување на несакани штети доколку во иднина има потреба од градење на друг објект или поставување на опрема на местата каде веќе има поставено електронски комуникациски мрежи и средства.

III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење не предизвикува дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот Предлог на закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и спроведувањето на законот не повлекува дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

## V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Законот за градење (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25) по членот 78-д се додава нов член 78-ѓ кој гласи:

„Член 78-ѓ

(1) За градбите односно опремата кои согласно прописите од областа на електронските комуникации претставуваат радио комуникациски средства - базни станици кои опфаќаат столб и опрема, а кои се поставени или изградени врз основа на проектна документација, може да се издаде решение за нивно изведување односно поставување, доколку истите се изведени во согласност со параметрите од проектната документација и по изработен извештај за извршен технички преглед од страна на надзорен инженер во кој е констатирано дека градбата може да се употребува, како и од страна на Агенцијата за електронски комуникации издадени согласност за изведување односно поставување на градбата односно опрема и нотификација за пренос на електронски податоци во случај кога градбата односно опремата служи за вршење на јавна дејност.

(2) За добивање на решение за изведување односно поставување на градбите односно опремата од ставот (1) на овој член, се доставува барање до надлежниот орган од членот 74 од овој закон, кон кое се приложува следната документација:

- доказ за регистрација доколку подносителот на барањето е правно лице, односно фотокопија од лична карта или патна исправа ако подносител на барањето е физичко лице;

- геодетски елаборат за извршен премер во функција на востановување на катастар на инфраструктурни објекти;

- доказ дека земјиштето на кое се изведува или поставува градбата е сопственост на Република Северна Македонија, а доколку земјиштето е во приватна сопственост на физичко или правно лице се доставува договор за долготраен закуп склучен со сопственикот на земјиштето или писмена согласност од сопственикот на земјиштето или доказ за утврдено право на службеност, а доколку градбата односно опремата се поставува на столбови, доказот се однесува само за земјиштето на кое е изграден столбот;

- писмена согласност за изведување односно поставување на градбата односно опремата од сопственикот на објект односно писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови на објектот кои претставуваат повеќе од половината од вкупната површина на објектот, со имотен лист за објектот односно за посебните делови на објектот, доколку истите се поставуваат на објект;

-согласност од Агенцијата за цивилно воздухопловство за поставување на градбата односно опремата чија височина надминува 15 метри од највисоката точка на објектот кој треба да се постави;

- согласност за изведување односно поставување на градбата односно опремата од Агенцијата за електронски комуникации;

- нотификација од Агенцијата за електронски комуникации, доколку градбата односно опремата служи за вршење на јавна дејност,

- елаборат за заштита на животната средина одобрен од надлежен орган, за електронската комуникациска опрема доколку со прописите од областа на животна средина е предвидено изработка на студија односно елаборат за таков вид на инфраструктура и

- извештај за извршен технички преглед од страна на надзорен инженер во кој е констатирано дека градбата може да се употребува.

(3) Постапката за добивање на решение за изведување односно поставување на градбите односно опремата од ставот (1) на овој член се спроведува согласно со членот 74 од овој закон.

(4) Висината на надоместокот за уредување градежно земјиште за градбите односно опремата од ставот (1) на овој член е двојно повисока од висината на надоместокот за уредување градежно земјиште за овој вид градби односно опрема, кој е утврден од страна на единиците на локалната самоуправа, односно единиците на локалната самоуправа во Градот Скопје согласно прописот од член 74 став (16) од овој закон.

(5) За градбите односно опремата од ставот (1) на овој член, во рок од 180 дена од денот на поднесувањето на барањето до надлежниот орган од член 74 од овој закон, се врши технички преглед од надзорен инженер со овластување А или овластување Б за вршење надзор над изградбата на градби, по што истиот најдоцна во рок од 60 дена од денот на извршениот технички преглед изработува извештај за извршен технички преглед со кој се констатира дали градбата односно опремата може да се употребува.

(6) При вршењето на техничкиот преглед надзорниот инженер утврдува дали градбата односно опремата е изведена односно поставена согласно со проектната документација, дали има одредени недостатоци кои мора да бидат отстранети, дали има одредени недостатоци кои ги нарушуваат основните барања на градбата кои се однесуваат на механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита поради кои градбата односно опремата не може да се употребува и во зависност од утврдената фактичка состојба констатира дали градбата односно опремата може да се употребува.

(7) Градбите односно опремата од ставот (1) на овој член за кои е доставена целокупната документација согласно ставот (2) на овој член, се запишуваат во катастарот на недвижности, по поднесено барање од надлежниот орган од членот 74 од овој закон кој го издал решението за нивно изведување односно поставување, кон кое се доставува решението за изведување односно поставување на градбата односно опремата, основниот проект, извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер во кој е констатирано дека градбата односно опремата може да се употребува, геодетски елаборат за извршен премер во функција на востановување на катастар на инфраструктурни објекти и доказ за платени трошоци за запишување на градбата односно опремата во катастарот на недвижности од страна на барателот.“

Член 2

Во членот 89 ставот (3) се менува и гласи:

„Техничкиот преглед на градбата го врши комисија во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на потполно барање. Комисијата е составена од најмалку три члена и нивни заменици, од кои еден е претседател, назначени од претходно доставена листа на запишаните архитекти и/или инжинери во Регистарот за издадени и одземени

овластувања од страна на Комората на овластени архитекти и инженери, со овластување за надзорен инженер издадено согласно со овој закон, во зависност од категоријата на градбата на која се врши технички преглед, а за електронските комуникациски мрежи и средства, потребно е во Комисијата да има најмалку два члена од Агенцијата за електронски комуникации. “

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5) кои гласат:

„(4) Во зависност од видот на градбата техничкиот преглед покрај од членовите на Комисијата од ставот (3) на овој член кои имаат соодветно овластување за надзорен инженер А или Б, високо образование од соодветната стручна област (градежништво, архитектура, електротехника, машинство, животна средина и сл.), најмалку пет години професионално искуство во струката и немаат судир на интереси со инвеститорот, изведувачот или друг учесник во изградбата, се врши и од други стручни лица од соодветната област и тоа енергетиката, внатрешните работи, отпадот, животната средина, културата, заштитата и спасувањето, назначени во Комисијата како членови по предлог на соодветниот орган на државната управа од редот на вработените.

(5) Со техничкиот преглед што го врши Комисијата раководи претседател од редот на членовите кој има најмалку 15 години професионално искуство во струката и најмалку три години искуство во постапки за технички преглед на градби.“

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 3

Во членот 90-в зборовите „член 89 став (6)“ се заменува со зборовите „член 89 став (8)“.

Член 4

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/25) во членот 21 зборовите „геодетскиот елаборат од извршениот премер во функција на одржување на катастарот на недвижности и“ се бришат.

Член 5

Комисиите за технички преглед на градба формирани до денот на влегувањето во сила на овој закон, согласно Законот за градење (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25, 101/25, 250/25 и 269/25) продолжуваат да работат до формирањето на комисии за технички преглед на градба согласно одредбите од овој закон.

Комисиите за технички преглед на градба предвидени согласно член 2 од овој закон со кој се менува членот 89 ќе се формираат во рок од пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за градење е систематизиран во 6 члена.

Со член 1 од Предлогот на закон се овозможува воспоставување целосна слика во однос на евиденцијата на градбите од областа на електронските комуникации во Република Северна Македонија. Имено, за градбите односно опремата кои согласно прописите од областа на електронски комуникации претставуваат електронски комуникациски мрежи и средства, како објекти од јавен интерес преку воведувањето на оваа специфична постапка за одобрение на употреба и со тоа нивен упис во катастарот на недвижности, ќе се овозможи ажурирање на целокупната слика во катастарот на недвижности и инфраструктура за тоа каде се наоѓаат сите електронски комуникациски мрежи и средства во Република Северна Македонија, со цел нивно поефикасно, полесно и побрзо одржување, а истото би спречило и евентуално настанување на несакани штети доколку во иднина има потреба од градење на друг објект или поставување на опрема на местата каде веќе има поставено електронски комуникациски мрежи и средства. Ваквото решение ќе овозможи и поефикасно поставување на електронски комуникациски мрежи и средства во иднина од страна на надлежни државни органи и оператори на мрежи, во смисла на користење на веќе постојните поставени мрежи и средства или пак нивната местоположба, со оглед дека преку уписот на овие градби и опрема, локациите на кои се наоѓаат ќе бидат јасно и точно утврдени, па воедно ќе се заокружи и постигне целта од последните измени на Законот за градење (*) и Законот за електронски комуникации (*) кои беа предмет на усогласување со Европското законодавство.

Со член 2 од Предлогот на закон се дополнува членот 89 од Законот за градење со одредби во кои појасно и на недвосмислен начин, се дорегулираат условите во однос на видот и годините искуство кои треба да ги исполнуваат лицата кои вршат технички преглед на градби, како и дека истите за да бидат назначени од редот на запишани експерти во Регистарот за издадени и одземени овластувања кој се води во Комората на овластени архитекти и инженери, самата Комора треба да достави претходно Предлог-листа на експерти во зависност од видот и категоријата на градбата согласно нивното специфично искуство и референци, а воедно се прецизира и дека во зависност од видот на градбата предмет на технички преглед како дополнителни членови на Комисија за технички преглед ќе бидат и лица од редот на вработените во соодветниот орган на државна управа.

Во таа насока се и одредбите од членот 5 од Предлогот на закон, односно се воведува рок за формирање на комисии за технички преглед согласно заострените услови од член 2 од Предлогот на закон со кој се менува член 89 од Законот за градење, како и се уредува до кога би функционирале постојните комисии за технички преглед.

Членот 3 има за цел да изврши промена од техничка природа во членот 90-в од Законот за градење поради усогласување на пренумерацијата на ставовите од член 89 согласно изменувањето и дополнувањето на истиот направено со член 2 од Предлогот на закон.

Членот 4 од Предлогот на закон претставува преодна одредба.

Со членот 6 од Предлогот на законот се уредува неговото влегување во сила, кое имајќи предвид дека не станува збор за голема и обемна измена на Законот за

градење, се предлага истото да биде со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, односно по скратена постапка.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој Предлог на закон се меѓусебно поврзани и се надополнуваат и како такви прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија во Предлогот на закон, ќе се овозможи ажурирање на целокупната слика за тоа каде се наоѓаат сите електронски комуникациски мрежи и средства во катастарот на недвижности и инфраструктура, со цел нивно поефикасно, полесно и побрзо одржување, а истото би спречило и евентуално настанување на несакани штети доколку во иднина има потреба од градење на друг објект или поставување на опрема на местата каде веќе има поставено електронски комуникациски мрежи и средства.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ КОИ СЕ МЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

2. Технички преглед
Член 89

(1) Надлежниот орган од членот 58 на овој закон е должен по приемот на барањето за издавање на одобрение за употреба да изврши технички преглед на градбата.
(2) Во случај на непотполно барање надлежниот орган е должен во рок од седум дена од приемот на барањето да побара дополнување.
(3) Техничкиот преглед на градбата го врши комисија во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на потполно барање. Комисијата е составена од најмалку три члена и нивни заменици, со овластување за надзорен инженер издадено согласно со овој закон, во зависност од категоријата на градбата на која се врши технички преглед, а за електронските комуникациски мрежи и средства, потребно е во комисијата да има најмалку два члена од Агенцијата за електронски комуникации.
(4) Комисијата за технички преглед на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон ја формира надлежниот орган од членот 58 од овој закон кој го издал одобрението за градење. Комисијата за технички преглед за градбите од стратешки интерес ја формира органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.
(5) За градбите од втора категорија од членот 57 на овој закон и за надградбите во случаите од членот 59-ѕ став (1) од овој закон, техничкиот преглед го врши надзорниот инженер за што изготвува извештај за извршен технички преглед. Извештајот се доставува до општината каде што е изграден објектот заедно со геодетски елаборат од извршен премер на објектот и доказ за платени трошоци за запишување на објектот во јавните книги на недвижности согласно со пресметката од членот 59 став (16) на овој закон.
(6) За градбите наменети за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300 м2 (освен за надградбите во случаите од членот 59-ѕ став (1) на овој закон) не се врши технички преглед а изведувачот е должен да даде изјава заверена кај нотар под полна материјална и кривична одговорност со која ќе потврди дека објектот е изграден во согласност со одбрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба. Изјавата со која се потврдува дека објектот е изграден во согласност со одобрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба се доставува до општината каде што е изграден објектот заедно со геодетски елаборат од извршен премер на објектот и доказ за платени трошоци за запишување на објектот во јавните книги на недвижности согласно пресметката од член 59 став (16) на овој закон.

Член 90-в

Доколку не е обезбеден сертификат за енергетски карактеристики на зградата издаден од трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола, градбата за која се применува Правилникот за енергетски карактеристики на зградите не може да се стави во употреба односно изведувачот не може да ја даде изјавата од член 89 став (6) на овој закон.

(член 21 од Законот објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија бр.87/25)

За линиските инфраструктурни градби за кои се издадени одобренија за градење до денот на влегувањето во сила на овој закон, а по кои не е извршено прибележување на одобрението за градење во јавната книга во која е запишано правото врз земјиштето и не е извршено предбележување на линиската инфраструктурна градба во катастарот на инфраструктурни објекти, ќе се издаде одобрение за употреба од страна на надлежниот орган од членот 58 од овој закон, најдоцна во рок од 12 месеци од денот

на исполнувањето на условите од членот 16 од овој закон со кој се менува членот 87 и доставувањето на геодетскиот елаборат од извршениот премер во функција на одржување на катастарот на недвижности и геодетскиот елаборат од извршениот премер на инфраструктуни објекти, од страна на инвеститорот.

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

**ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА**

| **1. Правен пропис** |
|---|
| 1.1. Назив на прописот: |
| ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ<br>*DRAFT LAW AMENDING AND SUPPLEMENTING THE LAW ON CONSTRUCTION* |
| 1.2. Предлагач |
| Министерство за транспорт |
| 1.3. ЕПП број |
| Овој предлог закон не е предмет на усогласување со правото на ЕУ, туку во истиот се вршат соодветни изменувања и дополнувања коишто се од национален карактер, а Законот за градење е усогласен со правото на ЕУ согласно Изјавата за усогласеност со овој закон, со ЕПП број 2025.0200.8460. |
| 1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ |
| |

| **2. Усогласеност на предлог прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји - членки** |
|---|
| 2.1. Одредба од Спогодбата што се однесува на нормативната содржина на прописот |
| |
| 2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата |
| ☐ Да ☐ Не |
| 2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските што произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата |
| |

| **3. Усогласеност на предлогот на прописот со изворите на правото на Европската унија** | |
|---|---|
| 3.1.Одредби на примарните извори на правото на ЕУ | |
| 3.2. Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ | |
| ЕУ пропис -CELEX бр. | ☐ потполна усогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| ЕУ пропис -CELEX бр. | ☐ потполна усогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| 3.3. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото | |
| 3.4. Усогласеност со останати извори на правото на ЕУ | |
| 3.5. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија | |
| 3.6. Кореспондентна табела (прилог) | |

| **4. Превод на изворите на правото на Европската унија и правниот пропис** |
|---|

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

| | | |
|---|---|---|
| 4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик и ако се преведени, наведете го изворот на преводот. | | |
| ☐ ДА | Верзија МК | ☐ НЕ |
| Извор:<br><br>Доколку извор на преводот не е Секретаријатот за европски прашања, преводот задолжително треба да се достави до Секретаријатот за европски прашања. | | |
| 4.2. Достапност на преводот на изворите на правото на ЕУ | | |
| 4.3. Дали предлог прописот е преведен на англиски јазик? | | |
| ☐ ДА | ☐ НЕ | |
| 4.4. Достапност на преводот на предлог прописот | | |

| |
|---|
| **5. Стручна помош и мислење**<br>**(Европска комисија, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава членка на ЕУ, Совет на Европа, домашни стручњаци и др.)** |
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот |

| | |
|---|---|
| **Раководител на надлежниот сектор** | |
| Име и презиме: | Јетон Салија |
| Звање и работно место: | Раководител на сектор |
| Потпис: | |
| Датум: | 17.02.2026 година |
| **Раководно лице/функционер во органот изработувач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | д-р Стефан Волкановски, државен секретар |
| Потпис: | |
| Датум: | 17.02.2026 година |
| **Раководно лице/функционер во органот предлагач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | Александар Николоски, министер за транспорт |
| Потпис: | |
| Датум: | 17.02.2026 година |